# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

**Службен весник на РМ, бр. 12 од 28.01.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” број 62/2004 и 89/2008), во членот 26 став 2 точката 5 се брише.
Точката 6 станува точка 5.

**Член 2**

Во членот 31 точката 2 се брише.
Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 2, 3 и 4.

**Член 3**

Во членот 32 точката 2 се брише.
Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 2, 3 и 4.

**Член 4**

Во членот 33-б по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Трошоците од ставот 1 на овој член се уплаќаат на сметка на високообразовната установа за туризам и угостителство."
Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

**Член 5**

Во членот 42 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Трошоците од ставот 1 на овој член се уплаќаат на сметка на високообразовната установа за туризам и угостителство."
Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

**Член 6**

Во членот 45-б по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Трошоците за полагање на стручниот испит се уплаќаат на сметка на високообразовната установа за туризам и угостителство."
Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.